Матковски Александар, ИСТОРИЈА НА ЕВРЕИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА Скопје, Македонска ревија, 1983, 211.

Во издание на Македонска ревија, во 1983 година излезе од печат трудот на д-р Александар Матковски, „Историја на Евреите во Македонија". Трудот има 211 страници текст, 2 карти на Македонија, од кои едната по поделбата на Париската конференција 1919 година, а другата по поделбата во мај 1941 година, како и 16 страници фотографии на Евреи и еврејски објекти и факсимили на документи.

Првиот дел од трудот се однесува на Евреите во Македонија во античкиот период, односно до поделбата на Римската империја на Западно и Источно римско царство (395 г.). Овде се зборува за присилни раселувања на Евреи од Палестина под притисок на војни, нивно населување по разни делови на Медитеранот, и е констатирано дека во Македонија биле доселени Евреи уште пред новата ера, за што се посочени археолошки докази од Солун, Стоби и други места. Заради разликите во верата, односно идеологијата, на разни места Евреите биле различно прифаќани, но главно со отпори. Тоа придонело тие да бидат позбиени меѓу себе и кон синагогите, односно во општините биле организирани хуманитарни друштва за помагање на бедните, болните, за откуп на заробените Евреи и др. Вакви хуманитарни организации егзистирале кон синагогите до најново време, зошто судбината на Евреите не им била наклонета, односно речиси постојано се повампирувале антисемитски расположенија во едни или други делови на Европа.

Вториот дел (16-33) е со наслов „Евреите во Македонија за време на византиско-словенскиот период (395 — 1371 г.)". Нагласено е дека византиските императори и патријарси не им биле наклонети на Евреите и тие биле често подложувани на прогони и понижувања. Сепак, условите за живот на Евреите биле поснохливи отколку во другите делови на Европа, каде под влијание на папата Иноќентие I бил силно развиен антисемитизмот. Откако е констатирано дека, во многу градови на Македонија живееле бројни еврејски семејства, изнесени се податоци за учени и истакнати Евреи, кои стекнале глас дури и во Европа, при што се посочени повеќе имиња. Иако дискутабилна, мошне е интересна и заслужува внимание тезата на авторот за еврејското потекло на Кирил и Методиј, за што се изнесени мошне убедливи претпоставки. Натаму се изнесени взаемни влијанија на еврејската и балканските култури, односно македонската, како и прифаќањето на грчкиот јазик од Евреите, којшто тогаш бил признат во деловниот свет.

Историјата на Евреите во Македонија во време на турското владеење е обработена во третиот дел од овој труд (34-71). Во заземените земји на Балканот кон крајот на XIV и почетокот на XV век. Турците се покажале потолерантни кон неисламските религии во споредба со католичка Европа. Затоа, а и поради тортурите над Евреите во Средна и Западна Европа, во XV век многу Евреи се доселувале во Турција. Бегајќи пред инквизицијата, само од Шпанија и Португалија се доселиле на Балканот околу 90.000 Евреи, заклучува авторот. Како искусни во финансиските трансакции, трговијата и техниката и знаењето на неколку европски јазици, Евреите станале носители на трговијата и културата во Турција. Основаната Талмудска академија во Солун станала културен центар за Евреите, а во 1515 год. тука била организирана и првата печатница. Од приведените податоци од патописците се гледа, дека 1/3 од населението во Солун било Еврејско, по што и му одговарал прекарот „мајка на Израел".

Иако Евреите биле главно сместени во градовите и се занимавале со трговија, сарафство, биле закупници на даноци и др., зана-

етчии и општи работници, односно малку од нив биле сметани за раја, тие биле граѓани од втор ред и подложни на разни ограничувања во однесувањето. Откако се изнесени податоци за многумина Евреи ерудити, кои твореле во македонските градови во XVI и првата половина на XVII век е нагласено дека, XVIII век е време на декаденција, иако само во Солун имало 22 синагоги. Во XVIII век, продолжува авторот, Евреите во Македонија биле изместени во трговијата од грчки, влашки и македонски трговци, но во XIX век тие биле носители на мануфактурното и индустриското производство, така што во 1875 година познатата фирма „Алатини" основала дури и сопствено училиште со околу 500 ученици, а баронот Хирш основал многу јавни објекти.

Иако богатите трговци и индустријалци биле поврзани со владејачката класа на власта, основната маса еврејско население гледало со симпатии на Илинденското востание на македонскиот народ, а некои на разни начини индиректно или директно го помагале, за што се посочени повеќе примери. Во врска со работничкото и социјалистичко движење во Македонија е нагласено дека, еврејските индустриски работници се организирале во синдикати и активно учествувале во штрајковите во Солун, Охрид, Битола, Кукуш, Драма, Кавала и др. Соработката меѓу еврејското и македонското население особено дошла до израз кај носителите на социјалистичките идеи, за време на Младотурската револуција и по неа.

Од 72 до 83 стр. е поместен четвртиот дел од трудот во кој се зборува за положбата на Евреите меѓу двете светски војни. Свесни дека поделбата на Македонија негативно ќе се одрази врз трговијата, Евреите биле против нејзиниот дележ по Балканските војни.

Заради инфилтрирањето на антисиметски и фашистички идеи во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (Југославија) бројот на Евреите во Вардарскиот дел на Македонија се намалил на 4.610 жители во 1930 година. Меѓутоа, со доселувањето од Средна Европа, каде фашизмот зел силен замав, непосредно пред окупацијата, нивниот број во овој дел на Македонија изнесувал околу 8.000. Притоа, најголем број од еврејските интелектуалци, ситни трговци и занаетчии, работници и младина членувале во УРСО-вите синдикати или биле симпатизери на КПЈ, а само мал дел од трговската буржоазија соработувала со власта. Инаку, еврејските општини имале национален, културно-просветен, верски и хуманитарен карактер, заклучува авторот.

Во 20-тите и триесеттите години имало неколку бранови на иселување на Евреи од Грција, односно Егејскиот дел на Македонија, нагласува авторот, но пред Хитлеровиот напад овде живееле околу 70.000 Евреи од вкупно 77.000 во цела Грција. Инаку и овде Евреите биле организирани во разни хуманитарни, спортски и други друштва.

Иако од приведените пописи за 1920 и 1930 година се гледа извесно зголемување на еврејското население во Бугарија (од 45.600 на 55.000), неговата положба во Пиринскиот дел на Македонија не се разликувала многу од онаа во другите делови на Македонија, заклучува авторот.

Во петтиот дел од трудот се зборува за појавата на нацизмот Откако е укажано дека корените на антисемитизмот датираат од античко време и дека во XIX век го прифатиле и форсирале универзитетски професори во Германија, нагласено е дека, по доаѓањето на Хитлер на власт тој достигнал кулминација.

По окупацијата на Југославија, односно Македонија од германските, бугарските и италијанските фашисти, положбата на Евреите во Македонија се влошила. Многу од нив, несакајќи мирно да го чекаат уништувањето се вклучиле во редовите на Народноослободителната војна и Револуцијата, помагајќи го материјално и морално движењето и учествувајќи

активно во него. Притоа се посочени имиња на повеќемина Евреи од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија кои барајќи се против фашистите го загубиле животот, како и на оние, кои по ослободувањето зазеле важни општествено — политички функции. Учеството на Евреите од Македонија во НОВ е сместено во VI-от дел од трудот (93—102).

Најголем простор во трудот е посветен на депортацијата и ликвидацијата на Евреите од Македонија, во VII-от дел (103-197). Користејќи ја книгата на Хитлер »Mein Kampf«, во Софија во 1942 год. биле објавени трудови со антисемитска содржина. Истата година било создадено Комесарство за еврејски прашања (КЕП) и започнала систематската тортура на Евреите.

Натаму се изнесени преговорите на бугарската влада и претставниците на германските власти во Софија за депортирање на Евреите, а потоа на собирањето на Евреите од Скопје, Битола Штип и нивното сместување во логорот во скопскиот монопол. Овде се изнесени потресни моменти од животот во логорот, како и статистички податоци за нивното патување до логорите на смртта во Треблинка, Аушвиц, Матхаузен, Љубљин и др. Одделно се изнесени собирањата и депортирањата на Евреите од Југоисточна Македонија: Сер, Драма, Кавала, Сари Шабан и др., и е нагласено дека од Пиринскиот дел на Македонија што бугарските власти го сметале како „стар предел" на Бугарија, биле депортирани само непожелните Евреи (комунисти и др.)

Во врска со депортацијата и ликвидацијата на Евреите од Германската окупациона зона во Македонија, врз сведоштво од Евреи кои случајно се спасиле и преживеале, изнесени се страдањата и тортурите на кои биле изложени до стигнувањето во логорите на смртта.

Што се однесува до положбата на Евреите под италијанската окупациона зона е речено дека, над нив не биле применувани репресивни мерки како во бугарската и германската окупациона зона. Дури, во многу случаи, италијанските власти се јавувале како заштитници на Евреи, овозможувајќи им легално да емигрираат.

На крајот од трудот се зборува за градбата на логорот на смртта Треблинка од еврејски работници, во чии гасни комори како и во Аушвиц и другите логори биле убиени околу 6.000.000 Евреи од кои 6.000 македонски, односно 98% од Евреите во Македонија, кои на македонска земја живееле околу 2000 години.

Иако овој труд е без вообичаениот увод и заклучок, од изнесениот материјал распореден хронолошки и тематски во седум дела, читателот добива комплетна слика за животот на Евреите во Македонија од антички до најново време, и одделно за нивната трагична судбина во Втората светска војна, кога во името на фашистичката идеологија и фанатизам биле уништени.

Милка ЗДРАВЕВА